# ЗАКОН ЗА МУЗЕИТЕ

Неофицијален пречистен текст- за интерна употреба

(„Службен весник на Република Македонија бр.66/04, 89/08, 116/10, 51/11, 88/15, 152/15 и 39/16)

## I ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Предмет на уредување

### Член 1

Со овој закон се уредуваат условите и начинот на работа на музеите, вршењето на дејноста на музеите, основањето, видовите на музеи, организацијата, координацијата, стручните звања, надзорот и други прашања што се од значење за вршење на дејноста на музеите во Република Македонија.

### Музејски материјал и музејски предмет

### Член 2

(1) Музејски материјал се археолошки, етнолошки, историски, уметнички и технички предмети, како и палеонтолошки, геолошки, зоолошки и ботанички примероци што се прибавени од страна на музејот заради нивно истражување, средување, стручно и научно обработување, проучување и презентирање, до нивното евидентирање во инвентарната книга на музејот.

(2) Музејски предмет е музејскиот материјал од ставот (1) на овој член кој поради своите вредности, својства, содржини или функции има културно, научно, историско и природно значење и е евидентиран во инвентарната книга на музејот, заради што неговото користење и заштита се наоѓаат под правен режим согласно со закон.

(3) Музејскиот материјал и музејските предмети на музејот го сочинуваат музејскиот фонд на музејот.

## II ВИДОВИ МУЗЕИ, ОСНОВАЊЕ И ПРЕСТАНОК СО РАБОТА

### Музеј

### Член 3

(1) Музејот е непрофитна установа од областа на културата.

(2) Музеите вршат истражување, прибавување, средување, стручно и научно обработување и проучување, заштита, чување, објавување и презентирање на музејските предмети (во натамошниот текст: музејска дејност).

(3) Музејот е установа отворена за јавноста, која има и едукативна улога да привлекува поширока публика од сите слоеви на општеството и да развива интерактивна комуникација со посетителите, за популаризација на движното културно наследство.

### Музејска дејност

### Член 4

(1) Музејската дејност е дејност од јавен интерес.

(2) Музејска дејност според одредбите на овој закон вршат музеите и самостојните музејски збирки, како и галериите и самостојните галериски збирки, доколку се регистрирани за вршење на музејска дејност (во натамошниот текст: музеи).
(3) Музејска дејност можат да вршат и други правни лица, доколку се регистрирани за вршење на музејската дејност и истата ја вршат во посебно организиран дел, под услови утврдени со овој и друг закон, како музеј во состав.

Примена на други прописи
Член 5
(1) На основањето, работата и престанокот на музеите, раководењето, управувањето, одлучувањето, финансирањето и управниот надзор се применуваат одредбите од Законот за културата, доколку со овој и друг закон поинаку не е определено.
(2) Заштитата на музејските предмети се врши согласно со овој закон, Законот за заштита на културното наследство и прописите за заштита на природата.

Видови музеи
Член 6
(1) Музеите според основачот може да бидат јавни (национални и локални) и приватни.
(2) Национален музеј може да основа Владата на Република Македонија, а локален музеј може да основаат општините, Градот Скопје и општините во градот Скопје.
(3) Приватен музеј може да основа домашно и странско правно и физичко лице, на начин и под услови утврдени со овој и друг закон.
(4) Музеите во својот состав можат да имаат и организациони единици што се наоѓаат надвор од седиштето на музејот .
(5) Музеите според предметот на својата работа се општи и специјализирани. Според видот на музејските предмети музеите можат да бидат археолошки, историски, етнолошки, уметнички, архитектонски, технички, природно-научни, како и музеи на занаети,театарски, филмски, поштенски, воени, железнички, црковни и др.
(6) Видот на музејот се утврдува со актот за неговото основање.

Посебни услови за почеток со работа на музејот
Член 7
(1) Музеј согласно со закон може да почне со работа ако ги исполнува следниве посебни услови:
1. да се обезбедени основни средства за почеток со работа;
2. да се обезбедени финансиски средства за одржливо вршење на дејноста;
3. да постои елаборат за основање на музеј;
4. да се обезбедени соодветни простории и опрема за чување и презентирање

на музејскиот фонд;
5. да е обезбеден музејски материјал со документација кој може да послужи како основен музејски фонд и
6. да има вработено соодветен стручен кадар.

(2) Основачот на музејот доставува барање за почеток со работа на музејот до органот на државната управа надлежен за работите од областа на културата, со потребната документација од ставот (1) на овој член.

(3) За исполнувањето на условите од ставот (1) на овој член, министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на културата (во натамошниот текст: министер), во рок од 30 дена од денот на доставување на барањето од ставот (2) на овој член, а по претходно мислење од надлежниот матичен музеј донесува решение.

(4) Стандардите за одредување на видовите на музеите, за нивната работа, за сместување и чување на музејските предмети и музејската документација, ги пропишува министерот.

Процена на работа на музејот

Член 8

Органот на државната управа надлежен за работите од областа на културата (во натамошниот текст: Министерството), на секои пет години од денот на добивањето на решението за исполнување на условите за работа на музејот, задолжително врши процена на исполнувањето на условите за работа на музејот од член 7 на овој закон.

Престанок со работа на музеј

Член 9

(1) Музеј може да престане со работа ако не ги исполнува посебните услови за почеток со работа.

(2) Основачот одлучува за престанок на музејот, доколку музејот не ја врши дејноста или престане интересот за чие остварување е основан музејот.

(3) Во случај на престанок со работа на јавен музеј, одлуката за престанок на музејот мора да содржи и одредби за заштита и сместување на музејските предмети и документацијата, во друг соодветен јавен музеј.

(4) Доколку Министерството при процена за исполнување на условите за работа од член 8 на овој закон утврди дека музејот не ги исполнува условите од член 7 на овој закон, министерот по претходно прибавено мислење од надлежниот матичен музеј донесува решение со кое престанува да важи решението за исполнување на условите за почеток со работа на музејот.

(5) Пред донесувањето на решението од ставот (4) на овој член, министерот со решение определува рок во кој музејот треба да ги исполни условите од членот 7 на овој закон.

(6) Против решението од ставовите (4) и (5) на овој член во рок од 15 дена од денот на приемот на решението може да се изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

## III ОСНОВАЊЕ, РАКОВОДЕЊЕ, УПРАВУВАЊЕ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ И ПРИВАТНИТЕ МУЗЕИ

### Основање на локални музеи

### Член 10

(1) Советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, донесува одлука за основање на локален музеј, според услови и стандарди утврдени со овој закон.
(2) Локалниот музеј има статут, со кој се уредува работата и организацијата на музејот, името, седиштето, предметот на работа и други прашања што се од значење за работата на музејот, утврдени со овој или со друг закон.
(3) Советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје дава согласност на статутот.

### Раководење со локални музеи

### Член 11

(1) Со локалниот музеј раководи директор.
(2) Градоначалникот го избира и разрешува директорот на музејот.
(3) Директорот на музејот се избира по пат на јавен конкурс што се објавува преку средствата за јавно информирање, најдоцна три месеци пред истекот на мандатот на претходниот директор. Конкурсот го распишува градоначалникот.
(4) Кандидатите ги доставуваат потребните документи согласно со конкурсот до управниот одбор на музејот. Кандидатите за директор задолжително доставуваат свој предлог на програма за развој на музејот.
(5) Пристигнатите документи ги разгледува трочлена комисија формирана од управниот одбор на музејот. Комисијата е должна во рок од пет дена од завршување на конкурсот да ги разгледа доставените документи.
(6) Комисијата доставува предлог на кандидати до градоначалникот.
(7) Градоначалникот, во рок од 15 дена од денот на добивање на предлогот врши избор на директор.
(8) Директорот се избира со мандат од четири години.
(9) Кандидатите кои не се избрани, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката на градоначалникот, имаат право на жалба во однос на спроведувањето на постапката за избор на директор до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.
(10) Против одлуката на Комисијата од ставот (9) на овој член кандидатот има право на тужба до надлежниот основен суд.
(11) Посебните услови и постапката за избор и разрешување на директор се уредуваат со статутот на музејот.
(12) Во случај кога не е избран директор на музејот или предвреме му престанал мандатот, градоначалникот веднаш именува вршител на должноста директор, без конкурс, од редот на вработените. Вршителот на

должноста директор се именува за време до изборот на директор на музејот, а најдолго за шест месеци.
(13) Вршителот на должноста директор ги има сите права и обврски на директор на музејот.

### Управување со локален музеј
### Член 12

(1) Орган на управување на локален музеј е управниот одбор.
(2) Управниот одбор го сочинуваат пет претставници кои ги именува Советот на општините, на Градот Скопје и на општините во градот Скопје, од кои тројца се претставници од редот на истакнати поединци од областа на културата и двајца претставници од редот на вработените во музејот, стручни и компетентни лица.
(3)Управниот одбор на музејот го донесува статутот на музејот, ги утврдува политиката и принципите за развој на музејот, ја предлага годишната програма за работа на музејот, финансискиот план и годишната сметка на музејот и врши други работи утврдени со актот за основање и статутот.
(4) Другите прашања поврзани со работата на управниот одбор се регулираат со статутот на музејот.

### Финансирање на локалните музеи
### Член 13

(1) Средствата за финансирање на дејноста на локалните музеи се обезбедуваат на начин и постапка утврдени со закон.
(2) Музејот до советот на општините, на градот Скопје и на општините во градот Скопје доставува на усвојување годишна програма за работа, извештај за работа и финансиски план.

### Основање на приватни музеи
### Член 14

(1) Приватен музеј основа домашно и странско правно и физичко лице под услови утврдени во членот 7 од овој закон и со Законот за култура и Законот за заштита на културното наследство.
(2) Музејскиот фонд на приватниот музеј може да го сочинува само музејскиот материјал.
(3) Музејскиот фонд на приватниот музеј добива статус на заштитено добро, доколку во постапка утврдена со Законот за заштита на културното наследство, за истиот се донесе соодветен акт за заштита.
(4) Во случаите утврдени во ставот (3) на овој член, на работата на приватните музеи се применуваат одредбите што важат за имателите на заштитени добра, согласно со Законот за заштита на културното наследство.

## IV РАБОТЕЊЕ НА МУЗЕИТЕ

Работење на музеите

Член 15

(1) Музеите ги вршат особено следниве работи:

1.истражуваат, прибавуваат, средуваат, стручно и научно обработуваат и проучуваат, заштитуваат, објавуваат и презентираат музејски материјал и музејски предмети;

2. преку постојани изложбени поставки, повремени и подвижни изложби, предавања, семинари, работилници и практикуми, прикажување на филмови и други форми на дејствување ги запознаваат граѓаните со музејските предмети и едукативно дејствуваат за значењето на културното наследство и природата на Република Македонија;

3.обезбедуваат услови за користење и за научно и стручно проучување на музејските предмети;

4.даваат иницијативи за донесување на прописи и мерки за унапредување на музејската дејност и стручно усовршување на музејските кадри;

5.издаваат научни и стручни публикации, каталози, водичи и друг пропаганден материјал;

6.водат влезна книга, книга на инвентар, излезна книга, картотека на музејски предмети, каталог на музејски предмети и друг вид музејска евиденција и документација и

7.вршат и други работи во областа на музејската дејност, согласно со закон.

(2) Работите од ставот (1) на овој член според видот на музејскиот материјал и видот на музејските предмети, музеите ги вршат на подрачјето на кое се основани.

Матични музеи

Член 16

(1) Заради унапредување и координација на работата на музеите на територијата на Република Македонија, со овој и со друг закон се утврдуваат матични музеи.

(2) За матични музеи според видот на музејските предмети се утврдуваат Националната установа „Музеј на Македонија” – Скопје, Националната установа „Музеј на современата уметност“ – Скопје, Националната установа „Археолошки музеј на Македонија“ – Скопје и Националната установа „Природонаучен музеј на Македонија” - Скопје.

Работење на матичните музеи

Член 17

Матичните музеи според видот на музејските предмети, покрај работите од членот 15 на овој закон, ги вршат и следниве работи:

1.организираат соработка меѓу музеите во Република Македонија;

2.ја координираат работата на музеите заради унапредување на нивната дејност;

3.им укажуваат потребна стручна помош;
4.даваат мислење на министерот за исполнување на условите од членовите 7 и 9 на овој закон;
5.учествуваат во постапки за реституција на движното културно наследство што ги води Република Македонија;
6.го утврдуваат постоењето на услови за посебна заштита на странски музејски експонати, кога за изложување на предметите се дава осигурување и
7.вршат други работи утврдени со овој и друг закон.

## V ДЕЈНОСТ НА МУЗЕИТЕ

### Прибавување на музејски материјал и музејски предмети
### Член 18

(1) Музеите, музејскиот материјал и музејските предмети ги прибавуваат преку истражување, ископување, купување, подароци, легати, завештанија, размена и на друг начин, како и преку отстапување и преземање од други правни и физички лица согласно со овој и друг закон.
(2) За музејскиот материјал и музејските предмети кои се прибавуваат преку купување, подароци, легати, завештанија, размена, отстапување и преземање, музејот мора да изврши претходна проверка на потеклото на музејскиот материјал и музејските предмети согласно Законот за заштита на културното наследство.
(3) Во случаите од ставот (2) на овој член, музејот мора да обезбеди и доказ за сопственоста на предметот (купопродажен договор, акт за наследување или изјава за сопственост на предметот), како и изјава заверена кај нотар дека предметот не потекнува од недозволени и неконтролирани ископувања, кражби, недозволен извоз и увоз или од други противправни дејствија.

### Заштита на музејскиот материјал и музејските предмети
### Член 19

(1) Музеите се должни да спроведуваат превентивна и трајна заштита на музејскиот материјал и музејските предмети.
(2) Превентивната заштита опфаќа:
- обезбедување на оптимални микроклиматски и светлосни услови за презентирање и чување на музејскиот материјал и музејските предмети;
- заштита од делување на штетни материи и други превентивни постапки;
- пристап на вработените до музејскиот материјал и музејските предмети;
- контрола на пристап на посетителите до музејските предмети;
- обезбедување на безбедносни мерки за чување на музејскиот материјал и музејските предмети во изложбените простори и во депото на музејот;
- обезбедување на безбедносни мерки при ракување со музејскиот материјал и музејските предмети сместени во депото на музејот;
- обезбедување на безбедносни мерки при транспорт на музејскиот материјал и музејските предмети.

(3) Трајната заштита на музејскиот материјал и музејските предмети се спроведува со примена на конзерваторски мерки согласно Законот за заштита на културното наследство.
(4) Начинот на спроведување на превентивната заштита на музејскиот материјал и музејските предмети го пропишува министерот, на предлог на Управата за заштита на културното наследство.

Музејска евиденција и документација

Член 20

(1) Музеите се должни да водат музејска евиденција и музејска документација.
(2) Музејската евиденција содржи влезна книга, книга на инвентар, излезна книга, книги за изложби, картотека на музејски предмети, каталог на музејските предмети, електронска база на податоци и друг вид евиденција, која се води согласно Законот за општата управна постапка.
(3) Локалните музеи во единиците на локалната самоуправа на чие подрачје се основани и во кои покрај македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, е службен јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија, влезната книга и каталогот на музејски предмети ги водат на македонски јазик и неговото кирилско писмо и на јазикот и писмото што го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија на подрачјето на таа единица на локалната самоуправа.
(4) Музејската документација содржи податоци за музејските предмети кои се потребни за нивната стручна обработка, идентификација, начинот и состојбата во која се прибавени, настанати промени, процесите на обработка и друго.
(5) Стручната обработка на музејскиот материјал се врши во рок од две години од денот на неговото запишување во влезната книга до денот на неговото евидентирање во инвентарната книга. Стручната обработка на музејскиот материјал од областа на природата се врши во рок од три години од денот на неговото запишување во влезната книга до денот на неговото евидентирање во инвентарната книга.
(6) Министерот ги пропишува формата, содржината и начинот на водење на влезната книга, книгата на инвентар, излезна книга, картотеката и другите видови на музејска евиденција и музејска документација од ставовите (2) и (4) на овој член.

Ревизија на музејските предмети

Член 21

(1) Музеите се должни да вршат ревизија на музејските предмети.
(2) Со ревизијата се утврдува состојбата на музејските предмети и потребата за преземање на соодветни мерки за нивна ефикасна заштита.
(3) Ревизијата на музејските предмети се врши како редовна и вондредна ревизија.
(4) Редовна ревизија на музејските предмети се врши на секои пет години.

(5) Вонредна ревизија се врши кога:
- музејските предмети се преместуваат од еден во друг музеј и
- кустосот кој е одговорен за музејската збирка ќе се прераспореди на друго работно место, или кога ќе му престане работниот однос.
(6) Начинот на кој се врши ревизијата на музејските предмети го пропишува министерот.

Отпишување на музејските предмети и музејските материјали од евиденција

Член 22

(1) Музејските предмети во јавните музеи можат да се отпишат од евиденција во инвентарната книга, врз основа на акт за престанок на заштитата, на начин и постапка пропишани со Законот за заштита на културното наследство и со друг закон.
(2) Музејскиот материјал евидентиран во влезната книга за кој комисиски ќе се утврди дека го изгубил значењето за да биде евидентиран како музејски материјал, ќе се отпише од евиденција во влезната книга согласно со прописите за материјално-финансиското работење.
(3) Комисијата од ставот (2) на овој член ја формира директорот на музејот.

Задолжителен примерок на книжни и ковани пари

Член 22-а

(1) Заради заштита, чување и користење на книжните и кованите пари како задолжителен примерок, Народната банка на Република Македонија доставува три идентични примероци од секоја нова книжна и кована пара на Националната установа –„Музеј на Македонија“-Скопје и Националната установа – „Археолошки музеј на Македонија“ - Скопје пред нејзиното пуштање во оптек.
(2) Задолжителниот примерок се заштитува, чува и користи согласно Законот за заштита на културното наследство.

Научно-образовна и други дејности на музејот

Член 23

(1) При вршењето на своите претежни дејности, како и дејностите поврзани со нив, музеите вршат и работи од интерес за науката и образованието.
(2) Музеите шират сознанија за вредностите и значењето на културните и научните вредности на музејските предмети и спроведуваат воспитно-образовни активности за заштита на природата.
(3) Музеите подготвуваат и реализираат интерактивни образовни програми, приоритетно насочени кон децата, учениците и студентите.
(4) Музеите се должни на посетителите да им овозможат јасна презентација на изложените музејски предмети, преку истакнување на натписи, ознаки, издавање на водичи и слично.
(5) Музеите можат да вршат и други дејности, што се во функција на подобра посетеност, комерцијална презентација и маркетинг на музејот, како што е отварање на кафетерии, продажба на копии, информативен материјал и

слично под услови утврдени со закон.

Презентација на музејските предмети

Член 24

(1) Музеите вршат презентација на музејските предмети преку организирање на постојани и повремени изложби, како и преку обезбедување на дополнителни информации за нивната дејност.
(2) Презентациите се организираат врз основа на научни принципи и на начин кој овозможува осознавање на културната и научната вредност на изложените музејски предмети.
(3) Презентирањето на музејските предмети се врши под услови и на начин со кој се гарантира целосна безбеднот на изложените музејски предмети.

Работно време на музеите

Член 25

(1) Работното време на музеите треба да биде организирано на начин што овозможува посета на сите целни групи на посетители.
(2) Музеите се должни јавно да ги објават деновите и часовите за посета. Во денови за посета можат да бидат определени и деновите за одмор и државни празници, согласно со прописите за работните односи.
(3) Музеите се должни најмалку еднаш месечно да обезбедат бесплатен влез во музејот.
(4) Децата, учениците и студентите, како и лицата со посебни потреби плаќаат намалени цени на влезници или се ослободени од плаќање влезница.
(5) Прашањата од ставовите (2), (3) и (4) на овој член поблиску се уредуваат со статутот на музејот.

Изработување на копии на музејски предмети

Член 26

Музејските предмети можат да бидат репродуцирани во музејски копии и во комерцијални копии, согласно со овој закон.

Музејска копија

Член 27

(1) Музејска копија е новосоздаден предмет, кој го реконструира визуелно максимално точно со суштински карактеристики музејскиот предмет.
(2) Музејската копија задолжително се обележува со знак кој означува дека се работи за копија.
(3) Музејската копија на музејски предмет се изработува за потребите на презентацијата на музејскиот предмет во случаите кога:
1.тоа е потребно од безбедносни причини;
2.не постојат услови за негово чување во изложбена музејска поставка;
3.предметот е даден на друг музеј и
4.постои неопходна потреба за негово изложување во друг музеј.

(4)За еден музејски предмет не можат да се изработат повеќе од пет музејски копии. За секоја музејска копија музејот издава сертификат.
(5) Музејската копија не смее да се користи во комерцијални цели.
(6) Во музеите се водат регистри на музејски копии.
(7) Содржината и начинот на водење на регистарот на музејските копии од ставот (6) на овој член и образецот на сертификатот од ставот (4) на овој член, ги пропишува министерот.

Изработка на комерцијална копија и репродукција
на музејски предмет
Член 28

(1) Комерцијална копија е новосоздаден предмет, кој визуелно го реконструира музејскиот предмет, а се изработува заради негова образовна, презентативна и трговска намена, во размер различен од музејскиот предмет.
(2) Музејските предмети и документацијата можат да се репродуцираат фотографски, компјутерски и на друг начин.
(3) Копијата од ставот (1) на овој член и репродукцијата од ставот (2) на овој член, можат да се изработуваат од физички и правни лица, по претходно добиена согласност од музејот, на начин и услови утврдени од музејот.
(4) Копијата од ставот (1) на овој член и репродукцијата од ставот (2) на овој член, соодветно се одбележуваат со името на музејскиот предмет, од кој период датира, локалитетот, името на авторот и името на музејот чиј предмет е.
(5) Одбележувањето го врши музејот за чиј предмет е изработена копија, односно чиј предмет е репродуциран.
(6) Начинот на кој се врши одбележувањето го пропишува министерот со актот од членот 27 став (7) на овој закон.

Употреба на музејски предмет за комерцијални цели
Член 29

Производство на стоки, етикети и дизајнерски решенија во кои се содржани фотографии или графички приказ на музејските предмети, се врши согласно со Законот за заштита на културното наследство.

Стручна процена на оригиналноста на
уметничките и другите предмети
Член 29-а

(1) Стручна процена на оригиналноста на уметничките предмети на автори од Република Македонија, како и на археолошките, етнолошките, историските и техничките предмети и иконите (во натамошниот текст: уметничките и другите предмети), според предметот на работа вршат:
- Националната установа „Музеј на современата уметност“ – Скопје или Националната установа „Национална галерија на Македонија“ – Скопје, за уметничките предмети;

- Националната установа „Музеј на Македонија“ – Скопје, за етнолошките, историските и техничките предмети и иконите и
- Националната установа „Археолошки музеј на Македонија“ - Скопје, за археолошките предмети.
(2) За вршење на стручната процена на оригиналноста на уметничките и другите предмети, директорот на националната установа од став (1) на овој член со решение основа комисија за стручна процена на оригиналноста на уметничките и другите предмети, која е составена од претседател и четири члена, меѓу кои кустос советник, конзерватор советник или стручно лице со најмалку 20 години работно искуство од областа или научно звање предметно за уметничките односно другите предмети кои се предмет на стручна процена. Согласност на решението за основање на комисија за стручна процена на оригиналноста на уметничките и другите предмети дава Министерството.
(3) Националната установа од ставот (1) на овој член издава мислење за стручна процена на оригиналноста на уметничките и другите предмети во рок од 30 дена од денот на доставувањето на барањето.
(4) Мислењето за стручна процена на оригиналноста на уметничките и другите предмети содржи податоци за делото, стилот, методот и техниката на изработка на делото, состојбата во која се наоѓа делото, спроведено научно/лабораториско и друго испитување и елементи врз основа на кои се потврдува оригиналноста на уметничките и другите предмети.
(5) Доколку националната установа од ставот (1) на овој член се смета за ненадлежна за издавање на мислењето од став (4) на овој член, го упатува барателот до надлежната установа за издавање на мислењето.
(6) За издавање на мислењето од ставот (4) на овој член, се доставува барање до националната установа од ставот (1) на овој член.
(7) За издавање на мислењето од ставот (4) на овој член се плаќа надоместок. Висината на надоместокот ја утврдува управниот одбор на националната установа од ставот (1) на овој член со општ акт. Висината на надоместокот се утврдува врз основа на следните критериуми: степен на претходна документираност на делото, застапеност во каталози, стручни и научни публикации, потреба од дополнителни анализи на стилот и техниката, потреба од дополнителни лабораториски испитувања, хемиски анализи и анализи на контекстот на предметот.
(8) Согласност на општиот акт од ставот (7) на овој член дава министерот.
(9) Формата и содржината на образецот на барањето од ставот (6) на овој член ги пропишува министерот.

Осигурување на музејските предмети

Член 30

Музејските предмети на јавните музеи, документацијата за нив и просторот во кој е сместен музејот, задолжително се осигуруваат кај осигурително друштво, со средства што ги обезбедува основачот.

## VI ОСИГУРУВАЊЕ ЗА ЕКСПОНАТИ И ИЗЛОЖБИ ОД СТРАНСТВО

### Осигурување

### Член 31

Осигурување, во смисла на овој закон, е гаранција на Република Македонија за надомест од штета на експонати и изложби од странство, договорени, односно организирани на територијата на Република Македонија, од страна на јавните музеи.

### Услови за давање на осигурување

### Член 32

(1) Осигурување во смисла на членот 31 на овој закон може да се даде за: 1.експонати, односно изложби од странство што имаат посебна научна, културна, природно-научна, уметничка и историска вредност, доколку нивното презентирање е условено со претходно обезбедување на осигурување и
2.експонати, односно изложби за кои трошоците на осигурување кај осигурителното друштво се исклучително високи поради декларираната вредност на експонатите, а сопственикот е согласен да прифати ваков начин на осигурување.
(2) Осигурување не може да се даде за експонати и изложби преземени односно организирани со комерцијални цели.

### Одлука за давање на осигурување

### Член 33

(1) Одлука за осигурување во смисла на членот 31 на овој закон донесува Владата на Република Македонија, на предлог на Министерството.
(2) Одлуката од ставот (1) на овој член може да се донесе, доколку јавниот музеј-организатор на изложбата обезбеди посебни услови за заштита на експонатите, како што се особено:
1. непрекината физичка заштита на експонатите од моментот на преземањето до моментот на нивното предавање;
2. одржување на климатски и други услови според видот на експонатот и
3. обезбедување на објектите и просториите од сите видови ризици што можат да ја загрозат безбедноста на експонатите.
(3) Обезбедувањето на условите од ставот (2) на овој член го утврдува надлежниот матичен музеј.

## VII НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА МУЗЕИТЕ - избришан

### Национален совет за музеите - избришан

### Член 34

Избришан

### Надлежност на Советот - избришан

### Член 35

Избришан

Административни работи на Советот - избришан

Член 36

Избришан

VIII СТРУЧНИ ЗВАЊА

Вршење на стручни работи во музеите

Член 37

Во музеите стручните работи ги вршат работници со изборни стручни звања, со неизборни стручни звања и работници со други стручни и научни звања.

Изборни стручни звања

Член 38

Стручните работи во музејот ги вршат работници со изборни звања:

1.виш кустос и

2.кустос советник.

Посебни услови за избор и реизбор во изборни стручни звања

Член 39

(1) Во изборното стручно звање виш кустос може да биде избрано лице кое има:

- најмалку пет години работно искуство како кустос или најмалку три години работно искуство како кустос и завршено магистерски, односно докторски студии од соодветната област и

- положено стручен испит за виш кустос.

(2) Во изборното стручно звање кустос советник може да биде избрано лице кое има:

- пет години работно искуство како виш кустос и

- стручен придонес во работите од областа на музејската дејност кои можат да се изразат со најмалку 250 бодови согласно актот од член 42-а од овој закон.

(3) Лицата од ставовите (1) и (2) на овој член се реизбираат на секои пет години.

(4) Во стручното звање виш кустос може да се реизбере лице кое дало стручен придонес во работите од областа на музејската дејност преку учество и реализација на проекти (авторство на музејска поставка и на каталог, стручно истражување, прибирање и обработка на музејски материјал, археолошки истражувања) и објавување на стручни и научни трудови и публикации во областа, кој може да се изрази со најмалку 150 бодови согласно актот од член 42-а од овој закон.

(5) Во стручното звање кустос-советник може да се реизбере лице кое дало стручен придонес во работите од областа на музејската дејност преку учество и реализација на проекти (авторство на музејска поставка и на каталог, стручно истражување, прибирање и обработка на музејски материјал, археолошки истражувања) и објавување на стручни и научни трудови и

публикации во областа, кој може да се изрази со најмалку 250 бодови согласно актот од член 42-а од овој закон.

(6) По исклучок од став (3) на овој член, лицата од ставовите (1) и (2) на овој член кои имаат уште десет години до остварување на правото на пензија, не подлежат на реизбор.

(7) Стекнувањето на стручното звање е основ за унапредување на стручниот работник во повисоко работно место.

Постапка за полагање стручен испит и постапка за избор

Член 40

(1) Изборот и реизборот во изборните стручни звања од член 39 од овој закон го врши министерот врз основа на предлог од рецензиона комисија.

(2) За секоја од областите предметни за музејското работење (археологија, историја, етнологија, антропологија, историја на уметност, класичната филологија, биологија и други се имеуваат посебни рецензиони комисии кои се составени од претседател и два члена кои ги именува министерот за култура со мандат од две години (во натамошниот текст: реценциона комисија). За претседател и членови на рецензионата комисија се именуваат научни работници со звање доктор на науки од соодветната област во која се избира или реизбира кандидатот или лице со стручно звање кустос советник од соодветната област во која се избира или реизбира кандидаатот. При именувањето на претседателот и членовите на рецензионата комисија се води сметка за начелото на соодветна и правична застапеност на припадниците на заедниците во Република Македонија.

(3) Рецензионата комисија:

- утврдува дали лицата ги исполнуваат условите за полагање стручен испит и за избор, односно реизбор во стручно звање утврдени со овој закон и со актот од член 42-а од овој закон;
- го оценува полагањето на стручниот испит од член 39 став (1) алинеја 2 од овој закон;
- го врши бодирањето од член 39 став (2) алинеја 2 и ставови (4) и (5) од овој закон и
- доставува до министерот предлог за избор/невршење избор, односно реизбор/ невршење реизбор во стручно звање.

(4) Рецензионата комисија, предлогот од став (3) алинеја 4 на овој член го доставува до министерот во рок од 30 дена од денот на доставување на барањето за избор, односно за реизбор во стручно звање.

(5) Предлогот од ставот (3) алинеја 4 на овој член содржи: биографски податоци за кандидатот, оцена за исполнетоста на условите за избор, односно реизбор во стручно завање, оценка за избор во стручно звање според резултатите од стручниот испит и оценка за избор, односно реизбор во стручно звање согласно со добиените бодови од актот од член 42-а од овој закон.

(6) Постапката за избор и реизбор во стручно звање трае најдолго два месеца.

(7) Министерот во рок од 15 дена од денот на доставување на предлогот од рецензионата комисија донесува решение за избор/невршење избор, односно реизбор/невршење реизбор во стручно звање.
(8) Против решението од став (7) на овој член може да се изјави жалба во рок од 15 дена до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен. Жалбата не го одлага извршувањето.
(9) Административно-техничките работи за рецензионата комисија ги врши Министерството.

Поведување постапка за избор и реизбор во стручно звање

Член 41

(1) Постапка за избор во стручно звање се поведува по барање на заинтересираниот стручен работник.
(2) Доколку стручниот работник не се избере во стручното звање поради неисполнување на условите за избор во стручното звање, има право во рок од шест месеци од денот на донесување на решението за не вршење избор во стручно звање да достави ново барање за избор во стручно звање.
(3) Постапката за реизбор во стручно звање ја поведува директорот на јавниот музеј, најдоцна во рок од три месеци пред истекот на рокот за реизбор.
(4) Доколку стручниот работник не се реизбере во стручното звање поради неисполнување на условите за реизбор во стручното звање утврдени со овој закон, има право во рок од шест месеци на повторен реизбор, а продолжува со работа на истото работно место со истото стручно звање.
(5) Доколку и по вторпат не биде реизбран, стручниот работник го губи претходно стекнатото стручно звање и во рок од 30 дена со решение на директорот се распоредува на друго работно место во пониско стручно звање од претходно стекнатото стручно звање. Стручниот работник, во рок од шест месеци од денот на распоредувањето на друго работно место во пониско стручно звање, има право да поднесе ново барање за избор во повисоко стручно звање од постојното, во постапка согласно овој закон.
(6) Против решението од ставовите (4) и (5) на овој член, стручниот работник во рок од 15 дена од денот на добивањето на решението има право на приговор до управниот одбор на јавниот музеј. Управниот одбор одлучува по приговорот во рок од осум дена од денот на приемот на приговорот.
(7) Против одлуката на управниот одбор во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката на управниот одбор, може да се изјави тужба до надлежен суд. Тужбата не го одлага извршувањето.

Неизборни стручни звања

Член 42

Стручните работи во музејот ги вршат работници со неизборни стручни звања кои имаат соодветно средно образование за звањето препаратор,

соодветно вишо обрзаование или стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС за звањето самостоен препаратор и соодветно високо образование односно стекнати 240 кредити според ЕКТС за звањето кустос, музејски водич и музејски едукатор.

Член 42-а

Министерот ги пропишува соодветноста на видот на образованието и описот на стручните звања во областа на музејската дејност, програмата за полагање на стручниот испит, формата и соджината на образците на барањата за избор и реизбор во стручни звања, начинот на полагање на стручниот испит, начинот на вршење избор, односно реизбор во стручни звања и начинот на утврдување на бодовите за избор, односно реизбор во стручните звања.

Вршење на други стручни работи во музеите

Член 43

Определени стручни работи во музеите можат да вршат и работници кои имаат научни звања, како и стручни звања во областа на заштитата на културното наследство, архивската граѓа и библиотечната дејност и други работници, согласно со општиот акт на музејот.

## IX НАДЗОР

Вршење на надзор

Член 44

(1) Надзор над спроведување на овој закон врши Министерството.

(2)При вршењето на надзорот над работата на органите на општината Министерството ги врши следниве работи:

1. ја следи законитоста на работата на органите на општината и презема мерки и активности и поднесува иницијативи за остварување на надлежностите на општината во согласност со овој закон;
2. оценува дали органите на општината обезбедуваат надлежностите на општината да се извршуваат согласно со стандардите и постапките утврдени со овој закон;
3. дава препораки за доследно спроведување на надлежностите на општината во рамките утврдени со овој закон, на барање на органите на општината;
4. ја следи законитоста на решенијата што градоначалникот ги донесува во решавањето на поединечните права при изборот на директорот на музејот и
5. навремено ги известува органите на општината за констатираните состојби во нивната работа и за преземените мерки при вршење на надзорот.

(3) Инспекциски надзор над спроведувањето на овој закон врши Министерството преку инспекторите за култура согласно со Законот за културата и Управата за заштита на културното наследство согласно Законот за заштита на културното наследство, односно надлежниот орган

утврден со прописите за заштита на природата.

## X ПРЕКРШОЧНИ ОДРЕДБИ

### Член 45

(1) Глоба во износ од 500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако:
- во утврдениот рок стручно не го обработи музејскиот материјал (член 20 став (1));
- не врши ревизија на музејски предмети (член 21);
- јавно не ги истакне деновите и часовите за посета и не определи намалени цени за одреден вид посетители (член 25 став (2), (3) и (4)).
- не маркира музејска копија со знак дека се работи за копија (член 27 став (2)) и; - не води регистар на музејски копии (член 27 став (6)).

(2) Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице.

(3) За прекршокот од ставот (1) алинеја 4 на овој член на правното лице може да му се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предмети кои се стекнати со извршување на прекршокот.

### Член 45-а

(1) Глоба во износ од 1.500 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на правното лице ако:
- врши музејска дејност без решение дека ги исполнува условите за почеток со работа на музејот (член 7);
- не изврши претходна проверка на потеклото на музејскиот материјал и музејските предмети (член 18 став (2));
- не обезбеди доказ за сопственоста на музејскиот материјал и музејските предмети и не обезбеди изјава заверена кај нотар (член 18 став (3));
- не спроведува мерки на превентивна и трајна заштита за музејскиот материјал и музејските предмети (член 19);
- не води влезна книга, книга на инвентар, излезна книга и други видови на евиденција (член 20 ставови (1) и (2));
- не достави три идентични примероци од секоја нова книжна и кована пара (член 22-а став (1));
- за еден музејски предмет изработи повеќе од пет копии (член 27 став (4));
- употреби музејска копија за комерцијални цели (член 27 став (5)) и;
- изработува и продава копија со комерцијална цел и репродуцира музејски предмет без согласност од музејот (член 28);
- донесе решение за основање комисија за стручна процена на оригиналноста на уметничките и другите предмети, без согласност од Министерството (член 29-а став (2));
- не го издаде мислењето за стручна процена на оригиналноста на уметничките и другите предмети во утврдениот рок (член 29-а став (3));

- не поведе постапка за реизбор во стручно звање во утврдениот рок (член 41 став (3)).
(2)Глоба во износ од 30% од одмерената глоба за правното лице ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) на овој член на одговорното лице во правното лице.
(3) Глоба во износ од 100 до 150 во денарска противредност ќе му се изрече за прекршокот од ставот (1) алинеја 9 на овој член на физичкото лице.
(4) За прекршокот од ставот (1) алинеи 7, 8 и 9 на овој член на правното лице може да му се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предмети кои се стекнати со извршување на прекршокот.
(5) За прекршокот од ставот (1) алинеја 9 на овој член на физичкото лице може да му се изрече посебна прекршочна мерка одземање на предмети кои се стекнати со извршување на прекршокот.

Член 45-б

Одмерувањето на висината на глобата за правно лице се врши согласно Законот за прекршоците.

Член 45-в

Министерството за култура за извршените контроли од страна на инспекторите за култура изготвува квартални извештаи кои се објавуваат на веб страницата на Министерството за култура на унифициран квартален преглед.

Прекршочен орган

Член 45-г

(1) За прекршоците утврдени во членот 45 на овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува органот на државната управа надлежен за работите од областа на културата (во понатамошниот текст: Прекршочен орган), а за прекршоците утврдени во членот 45-а од овој закон прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.
(2) Прекршочната постапка од ставот (1) на овој член пред Прекршочниот орган ја води Комисија за одлучување по прекршок (во натамошниот текст: Прекршочна Комисија) формирана од страна на министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата.
(3) Прекршочната комисија е составена од овластени службени лица вработени во органот на државната управа надлежен за вршење на работите во областа на културата, од кои едно ја врши функцијата на претседател на Прекршочната комисија.
(4) Прекршочната комисија е составена од три члена од кои:
- двајца дипломирани правници, од кои еден со положен правосуден испит со пет години работно искуство во својата област и
- еден член со висока стручна подготовка од областа на општествените науки

со пет години работно искуство од својата област.
(5) Прекршочната комисија се избира за времетраење од три години со право на реизбор на членовите.
(6) За претседател на Прекршочната комисија може да биде избран само дипломиран правник.
(7) Прекршочната Комисија за Прекршочниот орган ја води прекршочната постапка согласно Законот за прекршоците и одлучува за прекршоците утврдени со овој и со друг закон и изрекува прекршочни санкции утврдени со овој закон, Законот за прекршоците и/или со друг закон.
(8) Покрај членовите на Прекршочната комисија министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на културата може да определи секратар на Прекршочната комисија кој врши административни работи за Комисијата и заменици членови, кои по исклучок, учествуваат во работата на Прекршочната комисија во случај на отсуство на некој од членовите.
(9) Прекршочната комисија донесува деловник за својата работа.
(10) Против одлуката за прекршок што ја донела Прекршочната комисија може да се поднесе жалба до Државната комисија за одлучување во втор степен во областа на инспекцискиот надзор и прекршочната постапка.

Постапка за издавање на прекршочен платен налог

Член 45 – д

(1) За прекршоците утврдени во членовите 45 и 45-а од овој закон, инспекторот за култура на сторителот на прекршокот ќе му издаде прекршочен платен налог, согласно Законот за прекршоците.
(2) Доколку сторителот го прими прекршочниот платен налог, истиот треба да го потпише. Примањето на прекршочниот платен налог од сторителот на прекршокот се забележува во записникот.
(3) Во записникот од ставот (2) на овој член се утврдува начинот на кој ќе се отстранат штетните последици од прекршокот, како и начинот на надминување на последиците од сторениот прекршок.
(4) Кога како сторител на прекршок се јавува правно лице, записникот и прекршочниот платен налог го потпишува одговорното лице или од него овластено лице.
(5) Инспекторот за култура е должен да води евиденција за издадените прекршочни платни налози и за исходот на покренатите постапки.
(6) Во евиденцијата од ставот (5) на овој член се собираат, обработуваат и чуваат следните податоци: име и презиме, односно назив на сторителот на прекршокот, живеалиште, односно престојувалиште, седиште, вид на прекршокот, број на прекршочниот платен налог кој му се издава и исходот на постапката.
(7) Личните податоци од ставот (6) на овој член се чуваат пет години од денот на внесување во евиденцијата.
(8) Министерот ги пропишува формата и содржината на прекршочниот платен налог.

## XI ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Процена на работата на постојните музеи
### Член 46

Министерството, во соработка со надлежниот матичен музеј во рок од три години од денот на примената на закон, ќе изврши процена на условите за отпочнување со работа на музеите што се основани пред денот на влегувањето во сила на овој закон, при што соодветно се применуваат членовите 8 и 9 од овој закон.

### Основање на Советот
### Член 47

Советот ќе се основа во рок од 30 дена од денот на примената на овој закон.

### Подзаконски акти
### Член 48

(1) Прописите чие донесување е предвидено со овој закон ќе се донесат најдоцна во рок од шест месеца од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) До денот на влегување во сила на прописот од членот 20 став (6) на овој закон, продолжува да се применува Правилникот за содржината и начинот на водењето на евиденцијата и документацијата на музејскиот материјал ("Службен весник на СРМ"бр.32/80).

### Стручни звања
### Член 49

На лицата кои што до денот на примената на овој закон, се здобиле со звање виш кустос и кустос-советник, согласно со Законот за музејската дејност ("Службен весник на СРМ"бр. 25/79, 51/88 и "Службен весник на РМ"бр.12/93), здобиените звања им се признаваат.

### Престанување на постојниот закон
### Член 50

Со денот на примената на овој закон престанува да важи Законот за музејската дејност ("Службен весник на СРМ" бр. 25/79, 51/88 и "Службен весник на РМ" бр.12/93)

### Влегување во сила на Законот и почеток на примена на Законот
### Член 51

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на Република Македонија", а ќе се применува од денот на конституирањето на советите на општините и на градот Скопје и изборот на градоначалниците на општините и градоначалникот на градот Скопје по спроведување на првите наредни локални избори согласно со Законот за

локалните избори („Службен весник на Република Македонија“ бр.46/96, 12/2003, 35/2004, 52/2004 и 60/2004).

**Преодни и завршни одредби од Закони за изменување и дополнувања на Законот за музеите**

Член 1
(член 5 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 116/2010)

Подзаконските акти кои се предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 2
(член 4 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/2011)

Подзаконскиот акт предвиден со овој закон ќе се донесе во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

По објавувањето на подзаконскиот акт од ставот 1 на овој член во „Службен весник на Република Македонија “ истиот веднаш, а најдоцна во рок од 24 часа се објавува на веб страницата на Министерството за култура.

Член 3
(член 5 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/2011)

Постапките за добивање на решение за исполнување на посебни услови за почеток со работа на музејот, започнати пред денот на влегувањето во сила на овој закон ќе завршат според Законот за музеите („Службен весник на Република Македонија“ број 66/2004, 89/2008 и 116/10).

Член 4
(член 5 од Законот објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 51/11)

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија “, освен одредбите од членот 1 на овој закон, кои се однесуваат на членот 7 став (21) од овој закон и членовите 2 и 3 од овој закон, кои ќе започнат да се применуваат со започнување на примената на Законот за основање на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Член 5
(член 18 од Законот за изменување и дополнување на Законот за музеите објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/15)

Подзаконските акти предвидени со овој закон ќе се донесат во рок од шест месеци од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 6

(член 19 од Законот за изменување и дополнување на Законот за музеите објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/15)

(1) На лицата кои до денот на отпочнувањето на примената на одредбите од членовите 11, 12, 13, 14, 15 и 16 од овој закон се здобиле со стручно звање согласно Законот за музеите („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08, 116/10 и 51/11) здобиеното звање им се признава согласно овој закон.

(2) Постапките за здобивање на стручните звања започнати според прописите што важеле пред отпочнувањето на примената на одредбите од членовите 11, 12, 13, 14, 15 и 16 од овој закон, ќе се завршат според Законот за музеите („Службен весник на Република Македонија” бр. 66/04, 89/08, 116/10 и 51/11).

Член 7

(член 20 од Законот за изменување и дополнување на Законот за музеите објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/15)

Со денот на влегувањето во сила на овој закон престанува да важи Законот за задолжителниот примерок („Службен весник на Република Македонија” бр. 11/94, 92/08 и 47/11).

Член 8

(член 21 од Законот за изменување и дополнување на Законот за музеите објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 88/15)

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а одредбите од членовите 11, 12, 13, 14, 15 и 16 од овој закон ќе отпочнат да се применуваат од 1 јануари 2016 година.

Член 9

(член 6 од Законот за изменување и дополнување на Законот за музеите објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 152/15).

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 10

(член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за музеите објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 152/15).

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Член 11

(член 7 од Законот за изменување и дополнување на Законот за музеите објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/16).

Подзаконскиот акт утврден со овој закон ќе се донесе во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Член 12

(член 8 од Законот за изменување и дополнување на Законот за музеите објавен во „Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/16).

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка, согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 124/15).